**Барање:**

Барам да ми се достави на увид записник со број 03-531/23 од 06.02.2024 година, имиња на кандидатите кои ги исполниле условите од јавниот оглас од 31.01.2024 година, како и имиња на членови на комисијата за прием на кандидатите за цивилни лица на служба во армијата, кои учествувале во изборот на кандидатите и увид на решение на министерката за одбрана број 04-531/2 од 30.01.2024 година.

**Одговор:**

Во прилог, Ви ги доставуваме бараните информации.

1. Записник од реализираното интервју од Комисијата за спроведување на јавен оглас за прием на кандидати за цивилни лица на служба во Армијата со деловодствен број 03-531/23 од 06.02.2024 година, имиња со кој се наведуваат членовите од Комисијата .
2. Решение за избор на кандидати за прием на цивилен персонал на служба во Армијата согласно Јавниот оглас објавен на 31.01.2024 година, заведен со деловодствен број 04-531/25 од 07.02.2024 година, а кои ги исполниле условите согласно Јавиот оглас .
3. Решение за формирање на Комисија за прием на кандидати за цивилни лица на служба во Армијата деловодствен број 04-531/2 од 30.01.2024 година.

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19 ), а во врска со член 2 став (2), член 4 став (6), член 30, член 38 и член 39 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19, 14/20, 171/22, 65/23 и 14/24) и Правилникот за начинот на спроведување на постапка за прием на кандидати за офицери, односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.57/18 и бр.39/23), министерката за одбрана, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за формирање на Комисија за прием на кандидати за цивилни лица на служба во Армијата на Република Северна Македонија

1. Со ова Решение се формира Комисија за прием на кандидати за цивилни лица на служба во Армијата на Република Северна Македонија по јавен оглас објавен на ден 30.01.2024 година во дневните изданија на „Слободен Печат“ и „Koha“, (во натамошниот текст: Комисијата), во состав:

- Полковник Јетнор Марке, помошник раководител на Сектор за човечки ресурси, претседател;
- Полковник Дарко Кочовски, Началник на ВП 2803/14 Скопје, член и воедно заменик претседателот;
- Перо Велјановски, ЦЛ на служба во ВП 2803/14 Скопје, член;
- Миневере Лесковица, раководител на Одделение од Сектор за човечки ресурси, член;
- Марија Стојановска Ристески, советник во Сектор за човечки ресурси, секретар на Комисијата.

2. Комисијата од точка 1 на ова решение има задача во согласност со Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија и подзаконските прописи, да изработи план на динамика на одвивање на активностите од целокупната постапка со определени рокови на извршување по фазите пропишани во Правилникот за начинот на спроведување на постапка за прием на кандидати за офицери, односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.57/18 и бр.39/23).

3. По реализација на сите активности утврдени со важечката законска и подзаконска регулатива, Комисијата има обврска до министерката за одбрана да достави листа на кандидати кои ги исполнуваат условите.

4. Техничките и административните работи на Комисијата ги врши секретарот од точка 1 на ова решение, без право на глас во одлучувањето на Комисијата.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: Марија Стојановска Ристески
Контролирал: Ирена Станковска
Согласен: полковник Јетнор Марке
Одобрил:Владимир Анчев

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Славјанка Петровска

Бр. 04-531/2
30-01-2024 2023 година
Скопје

Доставено до:
- Кабинет на министерката за одбрана;
- Државен секретар;
- Генералштаб на Армијата;
- Членовите на комисијата;
- Сектор за човечки ресурси и
- Архива.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 03-531/23
06-02-2024 20
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

КОМИСИЈА ЗА ПРИЕМ НА КАНДИДАТИ ЗА ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# З А П И С Н И К

**од реализираното интервју од Комисијата за спроведување на јавен оглас за прием на кандидати за цивилни лица на служба во Армијата на Република Северна Македонија по огласот објавен на 31.01.2024 година**

Со Решение на министерката за одбрана бр. 04-531/2 од 30.01.2024 година беше формирана Комисија за спроведување на јавен оглас за прием на кандидати за цивилни лица на служба во Армијата на Република Северна Македонија, објавен на 31.01.2024 година (во натамошниот текст: Комисија), во состав: полковник Јетнор Марке, помошник раководител на Сектор за човечки ресурси – претседател, полковник Дарко Кочовски, началник на ВП 2803/14 Скопје – заменик претседател и воедно член, Перо Велјановски, цивилно лице од ВП 2803/14 Скопје - член, Миневере Лесковица, раководител на одделение во Сектор за човечки ресурси – член и Марија стојановска Ристески, советник во Сектор за човечки ресурси - секретар.

Јавниот оглас за прием на кандидати за цивилни лица на служба во Армијата на Република Северна Македонија беше објавен на 31.01.2024 година во дневните изданија на „Слободен печат" и „Koha" со рок за пријавување од 3 работни дена вклучувајќи го денот на објавување. Рокот од 3 работни дена за пријавување на кандидатите заврши заклучно со 02.02.2024 година. Кандидатите за цивилен персонал на служба во Армијата, а согласно точка 9 од Јавниот оглас, можеа да се пријават преку електронската пошта во Министерството и со поднесување на потребните документи во просториите на Министерството на адреса „Орце Николов" бр. 116, Скопје.

По завршување на рокот за пријавување, од страна на Комисијата беше спроведена административна проверка на пријавите и приложената документација по однос на исполнување на општите и посебните услови пропишани во точка 2 од огласот, за што Комисијата состави записник број 04-/14 од 13.12.2023 година.

Комисијата констатираше дека преку електронската пошта во Министерството и непосредно во просториите на Министерството, заклучно со 02.02.2023 година пристигнаа вкупно 27 навремени и уредни пријави и тоа од следните кандидати:

1. Стефанија Томислав Кежаровска, дипломиран политиколог, со 240 ЕКТС,
2. Симона Сашо Канзурова, дипломиран по безбедност, со 240 ЕКТС и 60 ЕКТС за магистарски студии (безбедност),
3. Ивана Зоран Димовска Стојкоски, дипломиран правник, со 180 ЕКТС и 120 ЕКТС за магистерски студии (Казнено право),
4. Александра Бранко Димитриевска, дипломиран дефендолог, со 240 ЕКТС и 60 ЕКТС за магистарски студии (одбрана),
5. Сумијје Мустафа Кадрии, дипломиран правник, со 180 ЕКТС
6. Филип Александар Велковски, дипломиран по кримонологија, со 240 ЕКТС и 60 ЕКТС за магистарски студии (криминологија),
7. Марко Ванчо Исајов, дипломиран економист, со 240 ЕКТС,
8. Младеновски Миле Роберт, магистар по економија, со 300 ЕКТС,
9. Јована Горан Блажеска, дипломиран дефектолог, со 240 ЕКТС,
10. Мартин Зоран Ѓорѓиевски, спортски тренер, со 180 ЕКТС,
11. Мартина Бобан Давидовска, дипломиран криминалист, со 240 ЕКТС,
12. Едон Шефќет Муладаути, дипломиран економист, со 180 ЕКТС и 60 ЕКТС за магистерски студии (бизнис и економија)
13. Љубе Јован Цветковски, дипломиран детектив со 180 ЕКТС,
14. Арбен Азим Нуредин, дипломиран професор по англиски јазик и книжевност, со 240 ЕКТС,
15. Сотир Михаил Габелоски, дипломиран професор по англиски јазик и книжевност, со 250 ЕКТС и 60 ЕКТС за магистарски студии (одбрана),
16. Халит Бедри Чајани, со завршено средно образование – гимназија
17. Викторија Љупчо Ристоска, завршено средно образование – забен техничар,
18. Андреј Ѕвонко Галабовски, завршено средно образование – угостителски техничар,
19. Александра Трајан Ѓукиќ, завршено средно образование – медицинска сестра,
20. Александра Митре Влахова, со завршено средно образование – трговска струка – аранжер во трговија,
21. Ивана Драган Караташева, со завршено средно образование – гимназија,
22. Андријана Гоце Петровска, со завршено средно образование – медицинска сестра,
23. Стефан Јордан Стојменовски, со завршено средно образование – техничар за транспорт и шпедиција,
24. Марија Горан Танасковска, со завршено средно образование – забен техничар,
25. Благица Воислав Пауновиќ, дипломиран криминалист, со 240 ЕКТС,
26. Стефан Саше Младеновски, магистер по право од областа на финансово право, со 300 ЕКТС.
27. Анџела Мишо Богдановска, со завршено средно образование – гимназија.

Горенаведените кандидатите кои ги исполнуваа законските услови беа уредно повикани на интервју (согласно член 7 од Правилникот) и истото се реализираше на ден 06.02.2024 година во период од 09:00 часот до 14:00 часот, според следното:

Интервјуто за работното место „ **Советник за одбранбени прашања, во Одделение за поддршка на министерот во Сектор за поддршка на министерот**", се реализираше со вкупно 6 кандидати кои ја поминаа административната проверка за ова работно место и тоа: Стефанија Томислав Кежаровска, Симона Сашо Канзурова, Ивана Зоран Димовска Стојкоски, Александра Бранко Димитриевска, Сумејје Мустафа Кадрии, Филип Александар Велковски.

Интервјуто за работното место **„Советник за планирање и програмирање на ресурси, во Одделение за ресурси, во Сектор за човечки ресурси"** се реализираше со вкупно 1 кандидат кој ја помина административната проверка за ова работно место и тоа: Марко Ванчо Исајов.

Интервјуто за работното место **„Советник за координација на активностите на Одделение за одбрана за регионот Скопје со општините Кисела Вода, Гази Баба, Карпош, Центар и Чаир во Одделение за одбрана за регионот Скопје со општините Кисела Вода, Гази Баба, Карпош, Центар и Чаир во Сектор за цивилно-воена соработка со регионални центри за одбрана "** се реализираше со вкупно 8 кандидати кои ја поминаа административната проверка за ова работно место и тоа: Александра Бранко Димитриевска, Ивана Зоран Димовска Стојкоски, Јована Горан Блажеска, Мартин Зоран Ѓорѓиевски, Сумејје Мустафа Кадрии, Мартина Бобан Давидовска, Симона Сашо Канзурова, Филип Александар Велковски.

Интервјуто за работното место **„Советник за мобилизација и популаризација на воен позив на Одделение за одбрана за регионот Скопје во општина Чаир, во Одделение за одбрана за регионот Скопје со општините: Кисела Вода, Гази Баба, Карпош, Центар и Чаир во Сектор за цивилно-воена соработка со регионални центри за одбрана"** се реализираше со вкупно 8 кандидати кои ја поминаа административната проверка за ова работно место и тоа: Александра Бранко Димитриевска, Едон Шефќет Муладаути, Ивана Зоран Димовска Стојкоски, Мартин Зоран Ѓорѓиевски, Љубе Јован Цветковски, Сумејје Мустафа Кадрии, Симона Сашо Канзурова, Филип Александар Велковски

Интервјуто за работното место **„ Инструктор – аналитичар за потребите на Армијата"** се реализираше со вкупно 2 кандидати кои ја поминаа административната проверка за ова работно место и тоа: Арбен Азим Нуредин, Сотир Михаил Габелоски.

Интервјуто за работното место „ Самостоен референт за деловодствено, архивско и канцелариско работење, во Одделение за менаџмент со документи во Сектор К-4" се реализираше со вкупно 7 кандидати кои ја поминаа административната проверка за ова работно место и тоа: Викторија Љупчо Ристоска, Александра Трајан Ѓукиќ, Александра Митре Влахова, Ева Сашо Ѓурчиновска, Андријана Гоце Петровска, Ивана Драган Караташева, Халит Бедри Чајани.

Интервјуто за работното место „ Самостоен референт за логистичка поддршка во Одделение за Регионален центар за организирање на обуки за односи со јавноста во Сектор за комуникации, аналитика и оперативна поддршка" се реализираше со со вкупно 6 кандидати кои ја поминаа административната проверка за ова работно место и тоа: Стефан Јордан Стојменовски, Александра Трајан Ѓукиќ, Андријана Гоце Петровска, Ивана Драган Караташева, Марија Горан Танасковска, Халит Бедри Чајани.

Согласно горенаведеното, Комисијата едногласно одлучи дека кандидатите со кои спроведе интервју ги исполнуваат условите за продолжување со постапката за прием.

Комисија:

| | | |
|---|---|---|
| полковник Јетнор Марке | претседател | |
| полковник Дарко Кочовски | Заменик претседател воедно член | |
| ЦЛ Перо Велјановски | член | |
| Миневере Лесковица | член | |
| Марија Стојановска Ристески | секретар | |

Прилози:
- Прашалници

Доставено до:
- Министерка за одбрана;
- Членови на комисијата (без прилози)
- Архива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES

Бр. 04-531/25

07-02-2024 20

Скопје-Shkup

Врз основа на член 2 став (2), член 4 став (6), член 30, член 38 и член 39 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19, 14/20, 171/22 и 65/23), Правилникот за начинот на спроведување на постапка за прием на кандидати за офицери, односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.57/18 и бр.39/23), а во врска со Јавен оглас за прием на цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија објавен на ден 31.01.2024 година како и Листата на кандидати кои ги исполнуваат општите и посебните услови од јавниот оглас доставена од Комисијата за прием на кандидати за цивилни лица на служба во Армијата на Република Северна Македонија со записник број 04-531/22 од 05.02.2024 година, министерката за одбрана донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за избор на кандидати за прием на цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија**

1. Се врши избор на кандидати за прием на цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија, согласно Јавен оглас објавен на ден 31.01.2024 година и тоа:

- За работно место **Советник за одбранбени прашања, во Одделение за поддршка на министерот во Сектор за поддршка на министерот**, 1 (еден) извршител, се избира кандидатот **Стефанија Томислав Кежаровска.**
- За работно место **Советник за планирање и програмирање на ресурси, во Одделение за ресурси, во Сектор за човечки ресурси**, 1 (еден) извршител, се избира кандидатот **Марко Ванчо Исајов.**
- За работно место **Советник за координација на активностите на Одделение за одбрана за регионот Скопје со општините Кисела Вода, Гази Баба, Карпош, Центар и Чаир во Одделение за одбрана за регионот Скопје со општините Кисела Вода, Гази Баба, Карпош, Центар и Чаир во Сектор за цивилно-воена соработка со регионални центри за одбрана**, 1 (еден) извршител се избира кандидатот **Јована Горан Блажеска.**
- За работно место **Советник за мобилизација и популаризација на воен позив на Одделение за одбрана за регионот Скопје во општина Чаир, во Одделение за одбрана за регионот Скопје со општините: Кисела Вода, Гази Баба, Карпош, Центар и Чаир во Сектор за цивилно-воена соработка со регионални центри за одбрана**, 1 (еден) извршител се избира кандидатот **Едон Шефќет Муладаути.**
- За работно место **Инструктор – аналитичар за потребите на Армијата**, 1 (еден) извршител, се избира кандидатот **Арбен Азим Нуредин.**

2. За работните места Самостоен референт за деловодствено, архивско и канцелариско работење, во Одделение за менаџмент со документи во Сектор К-4, 2 (два) извршители и Самостоен референт за логистичка поддршка во Одделение за Регионален центар за организирање на обуки за односи со јавноста во Сектор за комуникации, аналитика и оперативна поддршка, 1 (еден) извршител, изборот ќе се изврши со донесување на посебно решение.
3. Лицата од точка 1 на ова решение ќе се вработат со склучување на договор за вработување на неопределено време за вршење на служба во Армијата на Република Северна Македонија.
4. Решението да се објави на ВЕБ страната на Министерството за одбрана.
5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Министерството за одбрана на 31.01.2024 година во дневните весници „Слободен печат" и „Коха", како и на веб страната на министерството објави Јавен оглас за прием на цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија.

За спроведување на постапката за прием по јавниот оглас, со решение на министерката за одбрана број 04-531/2 од 30.01.2024 година, формирана е Комисија за прием на кандидати за цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија.

Согласно своите надлежности, Комисијата изврши административна селекција, проверка на веродостојноста на приложената документација и спроведе интервју со секој кандидат посебно, за што изработи Записник број 03-531/23 од 06.02.2024 година, со листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за секое работно место посебно, со цел избор од страна на министерката за одбрана.

Согласно напред наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Изработил: Марија Стојановска Ристески
Контролирал: Ирена Станковска
Согласен: полковник Јетмир Марке
Одобрил:Владимир Анчев

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Славјанка Петровска

Доставено до:
- Кабинет на МО;
- Генералштаб на Армијата;
- Сектор за човечки ресурси;
- Членови на комисија;
- Архива - (Примерок бр.1).